JКП “ВОДОВОД” - н.ИЛИНДЕН

# ГОДИШНА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

## НА JКП “ВОДОВОД” - н.ИЛИНДЕН ЗА 2021 ГОДИНА

Илинден, 01.12.2020 година

# СОДРЖИНА

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ........................................ 3
ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА ........................................ 3
1. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ........................................ 4
1.1. ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОВОДНИТЕ СИСТЕМИ ........................................ 4
1.2. ИНВЕСТИЦИИ ВО ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ ........................................ 5
1.3. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА ........................................ 6
1.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ ........................................ 6
1.5. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБЈЕКТИ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ........................................ 7
2. ДОЛГОРОЧНИ ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ ........................................ 8
ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ........................................ 9

# ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главната цел на Инвестиционата програмата на ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден за 2021 година е преку инвестирање во проекти, инфраструктура и опрема да се подобрат техничко-оперативните, комерцијалните, финансиските и организациските активности на препријатието со цел да се овозможи зголемување на ефикасноста на системите и подобрување на услугите за снабдување со вода за пиење и услугите за собирање, одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

# ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Инвестиционата програмата на ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден за 2021 година во себе содржи финансиски вредности на поедни приоритетни краткорочни и долгорочни инвестициони вложувања со цел подобрување на ефективноста и ефикасноста во работењето на Претпријатието, поголема безбедност и сигурност во снабдувањето и квалитетот на водната услуга согласно важечките стандарди, како и зголемување на покриеноста во делот на одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

Имајќи предвид дека водата за пиење претставува една од основните потреби на секој човеков организам без која не може да се замисли човековиот развој, активностите кои ќе ги превземе ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден на ова поле ќе бидат насочени кон квалитетно управување, одржување, интеграција и модернизација на постојниот водоснабдителен систем и водоснабдителните системи со кои ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден започна да управува во текот на 2020 година.

Снабдувањето со вода и одведување на урбаните отпадни води преку водоснадбителниот и канализациониот систем, бара широк спектар на задачи за одржување, реконструкција и модернизација на истите, поради што е неминовно соодветно техничко доопремување со средства и опрема, согласно европските стандарди и важечките највисоки национални прописи.

# 1. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ

Планираните инвестиции на ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден за 2021 година се во согласност со Планот за работа и развој на Претпријатието, а во функција на развојот на водните услуги во Општина Илинден.

**Табела 1-1:** Планирани инвестиции:

| Ред. бр. | Планирани инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Инвестиции во водоводни системи | 5.350.878,00 | Сопствени извори |
| 2. | Инвестиции во пумпни станици и резервоари | 3.738.000,00 | Сопствени извори |
| 3. | Инвестиции во обезбедување на имот и лица | 250.000,00 | Сопствени извори |
| 4. | Инвестиции во канализациони системи | 5.019.500,00 | Сопствени извори |
| 5. | Инвестиции во објекти и техничка опрема | 1.600.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **15.958.378,00** | |

## 1.1. ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОВОДНИТЕ СИСТЕМИ

ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден, експлоатира и одржува, односно стопанисува со 214.627 метри водоводна мрежа. Големината на дијаметарот на цевките од кои е изведена водоводната мрежа изнесува:

- За примарниот дел од Ø400 до Ø110 - 59.260 метри
- За секундарниот дел од Ø110 до 1” - 155.367 метри

На почетокот на 2020 година постигнат е договор помеѓу Општина Илинден, ОКТА АД и ЈКП “Водовод” со кој водоснабдителниот систем ОКТА е превземен од страна на Општината Илинден и истиот е предаден на стопанисување и управување на ЈКП “Водовод” н.Илинден. Од овој водоснабдителен систем се снабдуваат со вода за пиење корисниците од населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци. Водоснабдителниот систем ОКТА со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод“ н.Илинден има вкупна должина од 11.500 метри, вклучувајќи главен вод со димензија Ø400 димензиониран за проток од 120 l/s.
Исто така во почетокот на 2020 година постигнат е договор помеѓу ТИРЗ, Општината Илинден и ЈКП „Водовод“ н.Илинден со кој системот за водоснабдување на правните субјекти од ТИРЗ Скопје 1 и Скопје 2 (лоцирани во Бунарџик) е предаден на управување и одржување на ЈКП „Водовод“ Илинден. Бунарите од системот ТИРЗ со пумпната станица се лоцирани во месноста викана Јасика, во атарот на Општина

Илинден, во делот помеѓу автопатот “Скопје-Куманово" и асфалтниот пат “населба Илинден - населба Јурумлери".

Водоснабдителниот систем ТИРЗ со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод“ Илинден има вкупна должина од 6.900 метри, вклучувајќи главен вод со димензија Ø560 димензиониран за максимален проток од 169 l/s.

Имајќи ја во предвид реалната состојба на водоводната мрежа со која стопанисува ЈКП “Водовод“ н.Илинден во Инвестиционата програма за 2021 година планирани се средства за реконструкција и рехабилитација на постојната водоводна мрежа во населените места Илинден, Марино и Кадино, во согласност со утврдените приоритети, а исто така се планира и изработка на Проект за интеграција и модернизација на постојниот водоснабдителен систем и водоснабдителните системи ОКТА и ТИРЗ со кои ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден започна да управува во 2020 година.

**Табела 1-2:** Планирани инвестиции во Водоводни системи:

| Ред. бр. | Опис на планираните инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на Проект за интеграција и модернизација на водоводните системи | 300.000,00 | Сопствени извори |
| 2. | Проширување на водоводната мрежа (локалитет Јака, локални економски зони) | 2.023.628,00 | Сопствени извори |
| 3. | Реконструкција на примарна водоводна мрежа | 1.800.000,00 | Сопствени извори |
| 4. | Поставување на мерни инструменти | 677.250,00 | Сопствени извори |
| 5. | Реконструкција на системот за катодна заштита на челичниот цевковод Ф400 (ОКТА) | 550.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **5.350.878,00** | |

# 1.2. ИНВЕСТИЦИИ ВО ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ

ЈКП ‘’Водовод’’ – н.Илинден, врши испорака на вода за пиење на приближно 8.200 корисници во Општина Илинден, Петровец и Гази Баба.

Имајќи предвид дека трошоците за електрична енергија за дистрибуција и снабдување на крајните корисници со вода за пиење претставуваат значајна позиција, а со нагорна тенденција за следните години поради превземањето на нови водоводни системи како и поради континуираниот пораст на нови корисници, во Инвестиционата програма за 2021 година се планира реализација на проектот за поставување на нови командни ормари за автоматско управување со помош на фрекфентни регулатори.

**Табела 1-3:** Планирани инвестиции во Пумпни станици и резервоари:

| Ред. Бр. | Опис на планираните инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Фрекфентна регулација во Пумпна станица Јурумлери | 2.000.000,00 | Сопствени извори |
| 2. | Потопни потисни пумпи со електромотор | 238.000,00 | Сопствени извори |
| 3. | Изработка на Проект за нов резервоар (систем ОКТА) | 300.000,00 | Сопствени извори |
| 4. | Систем за регулација на нивото на водата во резервоар | 200.000,00 | Сопствени извори |
| 5. | Опрема за хлоринаторни станици | 1.000.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **3.738.000,00** | |

# 1.3. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА

Одделението за обезбедување на имот и лица е задолжено за непрекинато физичко обезбедување на имотот и објектите, изготвување на планот за обезбедување на објекти, имот и лица, следење и известување за евентуално настанатите промени, примена на ХТЗ и ПП заштита, познавање, употреба и ракување со огнено оружје согласно Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за оружје и превенција, рано предупредување и справување со кризи во кризна состојба.

**Табела 1-4:** Планирани инвестиции во Обезбедување на имот и лица:

| Ред. Бр. | Опис на планираните инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Видео надзор на стратешките објекти | 250.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **250.000,00** | |

# 1.4. ИНВЕСТИЦИИ ВО КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ

Канализационата мрежа за прифаќање и третман на отпадни води со која стопанисува ЈКП “Водовод” н.Илинден во моментот опфаќа припадни површини со 5 пречистители станици и тоа: населба Илинден - 1 (една) пречистителна станица ПП7 со должина на канализациона мрежа од 4.311 метри, н.м. Марино - 2 (две) пречистителни станици и тоа ПП1 со должина на канализациона мрежа од 4.250 метри и ПП2 со должина на канализациона мрежа од 7.536 метри, н.м. Кадино - 1 (една) пречистителна станица со должина на канализациона мрежа од 3.253 метри и н.м.Миладиновци - 1 (една) пречистителна станица со должина на канализациона мрежа од 2.570 метри. Во тек е

изградба на пречистителна станица во н.м.Кадино со должина на канализациониот систем од 3.700 метри.

На пречистителните станици кои ги одржува ЈКП ‘’Водовод’’ - н.Илинден, се приклучени 1.169 корисник. ЈКП “Водовод” н.Илинден и во 2021 година ќе инвестира и ќе врши поставување на приклучоци за индувидуални домаќинства како и стопански субјекти паралелно со изградбата на нови канализациони системи од страна на Општина Илинден и тоа: во н.м. Кадино (веќе се изградени 3.750 метри од главната канализациона линија), н.м.Миладиновци (веќе е изградена пречистителната станица), н.м.Марино и н.м.Илинден (веќе е започната изградбата на главниот канализационен систем).

**Табела 1-5:** Планирани инвестиции во одведувањето на отпадните води:

| Ред. Бр. | Опис на планираните инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Приклучоци на канализацона мрежа | 2.319.500,00 | Сопствени извори |
| 2. | Препумпни уреди | 800.000,00 | Сопствени извори |
| 3. | Рехабилитација на фекални пумпи | 600.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **3.719.500,00** | |

**Табела 1-6:** Планирани инвестиции во прочистување на отпадните води:

| Ред. Бр. | Опис на планираните инвестиции | Износ МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Препумпен уред - ПС Миладиновци | 1.100.000,00 | Сопствени извори |
| 2. | Мерни инструменти | 200.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **1.300.000,00** | |

# 1.5.ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБЈЕКТИ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Претпријатието располага со градежна механизација, возила, машини и опрема. Возилата и градежните машини секојдневно се во експлоатација според потребите на одделенијата и се комбинираат заради ефективност и економичност.

**Табела 1-6:** Планирани инвестиции во Техничка опрема:

| Ред. бр. | Опис на планираните инвестиции | Трошоци МКД | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Опрема за пробивање на канализација | 500.000,00 | Сопствени извори |
| 2. | Набавка на рачен и електричен алат | 300.000,00 | Сопствени извори |
| 3. | Опрема за откривање на дефекти на водоводна мрежа | 150.000,00 | Сопствени извори |
| 4. | Опрема за откривање на подземни кабли | 50.000,00 | Сопствени извори |
| 5. | Цистерна за питка вода | 600.000,00 | Сопствени извори |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **1.600.000,00** | |

# 2. ДОЛГОРОЧНИ ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ

Во овој сегмент спаѓаат оние планови кои се вбројуваат во класата на капитални инвестиции за кои се потребни претходно изготвени проекти и за нивна реализација да се побараат, со помош на Општина Илинден, алтернативни извори на финансирање како што се: Странски донации, финансиска подршка од страна на Невладини организации, IPA фондовите и др.

**Табела 2-1:** Долгорочни планови за развој:

| Ред. бр. | Опис на планирани Проекти | Трошоци МКД |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на дел од примарната мрежа Ф280 (н.м.Кадино - н.м.Марино) во должина од 2.000 метри | 27.000 000,00 |
| 2. | Проширување на примарната водоводна линија Ф280 (индустриската зона Бунарџик - индустриска зона Стопански комплекс и Карагач во н.Илинден) | 45.000 000,00 |
| 3. | Инсталирање на СКАДА систем за следење и контролирање на загубите на вода во водоснабдителниот систем | 10.000 000,00 |
| 4. | Изградба на нов резервоар за вода | 8.000 000,00 |
| 5. | Инсталирање на броила со далечинско отчитување | 10.000.000,00 |
| 6. | Пумпна станица (Јака) | 2.267.000,00 |
| 7. | Фотоволтаична централа | 10.000.000,00 |
| 8. | Надградба на пречистителна станица Марино ПП2 | 6.000.000,00 |
| 9. | Цистерна за питка вода | 6.000.000,00 |
| 10. | Цистерна за фекална канализација | 6.000.000,00 |
| | **ВКУПНО (МКД)** | **130.267.000,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства за реализацијата на Инвестиционата програма на ЈКП “Водовод” н.Илинден за 2021 година ќе бидат обезбедени преку тарифите за водните услуги. За планираните проекти кои се дел од долгорочните планови за развој и за кои реално се потребни значителни инвестициони вложувања со подршка на Општина Илинден ќе се бараат алтернативни начини на финансиска подршка (Странски донации, Финансирање од страна на невладини организации, IPA фондови итн.).

ЈКП “Водовод” н.Илинден

м-р Марјан Милошевски, дипл.маш.инж., с.р

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД н.Илинден,

Арх.број 01-245/1 од 21.12.2020 година